Некои луѓе од племињата Укл или Уреjна дојдоа во Медина

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Некои луѓе од племињата Укл или Уреjна дојдоа во Медина, но климата не им одговараше, па се разболеа. Аллаховиот пратеник, салаллаху алejхи ве селем, им нареди да одат кај камилите што ѝ припаѓале на државната каса и да пијат од нивното млеко и урина. Тие отидоа и оздравеа. Но кога закрепнаа, го убија пастирот на Пратеникот, салаллаху алejхи ве селем, ги украдоа камилите и избегаа. Веста за тоа стигна до Пратеникот, салаллаху алejхи ве селем, рано наутро, па тој испрати луѓе по нив. До пладне беа фатени и доведени назад. Пратеникот, салаллаху алejхи ве селем, нареди да им бидат отсечени рацете и нозете, да им бидат извадени очите, и да бидат фрлени на каменита земја – жедни, и никој не им даваше вода. Ебу Килабе рекол: „Овие луѓе – украдоа, убија, отпаднаа од верата откако го примија ислам, и му објавија војна на Аллах и на Неговиот пратеник.“

[صحيح] [متفق عليه]

Некои мажи од племињата Укл и Уреjна дошле кај Аллаховиот пратеник, салаллаху алejхи ве селем, како муслимани. Се разболеле и ги снашла болест од која им се надуле стомаците, па им станало тешко да престојуваат во Медина – бидејќи не им одговарале нејзината клима и храна. Аллаховиот пратеник, салаллаху алejхи ве селем, им наредил да одат кај камилите што ѝ припаѓале на државната каса и да пијат од нивното млеко и урина. Тие отишле, оздравеле, се здебелиле и им се вратил природниот изглед. Но откако закрепнале, го убиле пастирот на Пратеникот, салаллаху алejхи ве селем, и ги украле камилите. Веста за тоа стигнала до Пратеникот, салаллаху алejхи ве селем, рано наутро, па испратил луѓе по нив. До пладне биле фатени и доведени назад како заробеници. Пратеникот, салаллаху алejхи ве селем, наредил да им бидат отсечени рацете и нозете, да им бидат извадени очите – бидејќи истото му го направиле на пастирот – и да бидат фрлени на каменитата земја, каде што барале вода, но никој не им давал, сè додека не умреле. Ебу Килабе рекол: „Овие луѓе – украдоа, убија, отпаднаа од верата откако го прифатија исламот, и му објавија војна на Аллах и на Неговиот пратеник.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66205